**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „АНАТОМИЈА НА ВИЛИЦИ И ДЕНТАЛНА МОРФОЛОГИЈА -СКРИПТА“ ОД ДОЦ. Д-Р КИРО ПАПАКОЧА, ЛАБОРАНТ ПАВЛЕ АПОСТОЛОСКИ, ЛАБОРАНТ КИРИЛ МИТЕВСКИ И М-Р СЦИ. МИХАЈЛО ПЕТРОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”– ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр. 2002-133/5 од 164. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 15.7.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ана Миновска, редовен професор од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, специјалист по болести на устата и пародонтот;
– проф. д-р Лидија Поповска, вонреден професор на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, специјалист по болести на забите и ендодонтот,

за резензија на приложениот ракопис „Анатомија на вилици и дентална мофологија - скрипта“ од доц. д-р Киро Папакоча, лаборант Кирил Митевски, лаборант Павле Апостолоски и м-р Михајло Петровски, наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма Стручен забен техничар-протетичар, на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „Анатомија на вилици и дентална мофологија - скрипта“ од доц. д-р Киро Папакоча, лаборант Кирил Митевски, лаборант Павле Апостолоски и м-р Михајло Петровски е осмислен и реализиран според Наставниот план и програма на предметот Анатомија на вилици и дентална мофологија, кој се изучува на студиите од првиот циклус на додипломска настава на стручните студии за забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, со 2+4+1 неделен фонд на часови и 6 кредити.

Ракописот кој е приложен за рецензија претставува комплетен материјал претставен во логичка целина преку кој студентите ќе имаат можност да ја изучуваат и совладаат предметната материја и да стекнат практични познавања, според поставените барања на ЕКТС системот. Со негова помош на прилично лесен, брз и едноставен начин ќе се воведат во стоматолгијата.

**Податоци за обемот на ракописот**

Содржината на ракописот „Анатомија на вилици и дентална мофологија - скрипта“ од доц. д-р Киро Папакоча, лаборант Кирил Митевски, лаборант Павле Апостоловски и м-р Михајло Петровски, кој е наменет за издавање е претставен во текст од вкупно 111 страници и 38 слики и 9 табели. Ракописот е приложен во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на содржината ги задоволува критериумите и правилата според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**

Досега во Р Македонија постои учебник со содржина кој ги обработува овие содржини на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, наменет за студентите по дентална медицина и стручните студии за забен техничар. Сепак, тој во целост не ги покрива наставните содржини и програма според која се студира на Универизитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Поради тоа се согледува неминовноста за изработка на оваа скрипта. Паралелно со неа беше оформен и практикум која студентите ќе може да го користат за добивање први, но базични искуства, од оваа област. Поради оскудноста во однос на учебни помагала од оваа област, како и можноста за совладување на основните теоретски и практични познавања, оваа скрипта е вистинска потреба за студентите. Авторите на едноставен начин со јасен стил, концизност и чиста мисла ја приложуваат обработената материја.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во десет поглавја.

Во ПРВОТО ПОГЛАВЈЕ на 35 страници е претставена анатомијата на усната празнина во целост. Тука се опишани коскените, мекоткивните, органските и васкуларните компоненти на усната празнина. Започнува со опис на основните анатомски термини и класификација, како и со опис на усната празнина. Следуваат анатомските описи на јазикот и големите плунковни жлезди. Горната и долната вилица, како и непчената коска, авторите ги опишуваат во целост. Анатомските карактеристики на темпоро-мандибуларниот зглоб, како и на вилично-лицевите мукули се составен дел на приложениот ракопис. Во рамките на потребите на студентите се претставени и анатомските карактеристики на усните, образите, јазикот, тврдото и мекото непце. На крајот на ова поглавје е даден анатомски опис на вакуларните компонентни на лицево-виличната регија.

Во ВТОРОТО ПОГЛАВЈЕ, на 4 страници, кратко но концизно се изнесени анатомските и хистолошките особености на забите. Опишана е структурната градба на забите и даден е опис на забната коронка, врат и корен. Исто така, накусо се претставени главните хистолошки обележја на емајлот и дентинот во обемот потребен за студентот изучувајќи го овој предмет.

Во ТРЕТОТО ПОГЛАВЈЕ, на 8 страници, се опишани деловите на пародннтот. Ова поглавје започнува со детален опис на гингивата, за нејзините граници, опис, составни делови, опишан е и гингивалниот сулкус, како и нејзините хистолошки и функцонални карактеристики. Следува описот на цементот. Даден е опис на хемискиот состав и анатомските и хистолошките карактеристики на цементот. Во ова поглавје е опишан и периодоннциумот. Посебно место во неговото опишување заземаат периодонталните влакна. На крајот од ова поглавје е даден опис на алевеоларната коска, нејзините составни делови, хистолошка градба и клетките кои учествуват во нејзиниот состав, како и на нејзината функција.

Во ЧЕТВРТОТО ПОГЛАВЈЕ, кое впрочем следи по описот на основните анатомо-морфолошки и хистолошки карактеристики на забите и забно-потпорниот апарат, авторите се насочиле кон опис на заедничките морфолошки карактеристики млечните заби. Во ова поглавје на 2 страници, на краток, но јасен начин, во согласност со потребите од нивно препознавање е даден опис на заедничките морфолошки карактерстики на млечните заби. Посебно место зазема и описот на разликите меѓу забите во трајната и млечната дентиција.

Во ПЕТТОТО ПОГЛАВЈЕ на 2 страници следува описот на заедничките карактеристки на трајните заби од хуманата популација. Даден е редоследот на трајните заби, нивните контакти, соодноси, и опишани се функциите на забите од трајната дентиција.

Во ШЕСТОТО ПОГЛАВЈЕ на 32 страници детално се опишани морфолошките карактеристики на сите заби. Започнато е со трајните инцизиви и тоа горните, прво е опишан центалниот, па латералниот горен инцизив, по што следуват долните инцизиви, централниот, па латералниот. Следува описот на трајните канини, прво горниот па долниот. Описот на премоларите во дадениот ракопис започнува со горните премолари, првиот па вториот, по што се опишани долните по соодветниот распоред. Следува описот на трајните молари. Прво се опишани горните, па потоа долните молари. Во описот се

дадени и најнепостојаните заби во трајната дентиција - умниците. Методот на опис кој е користен прилично методолошки со цел олеснување на учењето од страна на студентите. Описот е даден за секој од забите и само на некои места морфолошките карактеристики на некој од забите се дадени компаративно со соседниот заб. При описот на забите прво е опишувана забната коронка, па забниот врат и забните корени и пулпината комора. При описот на коронките на секој заб, од своја страна е даден описна најзначјните морфолошки карактеристики на секоја од страните на забот. Кај бочните заби посебно внимание е насочено кон описот на џвакалната површина и сите нејзини морфолошки карактеристики. При описот на корените, освен за најчестиот број на корени, даден е и опис на можните варијации. На крајот од описот на секој од забите е даден и опис на пулпината комора и коренските канали, како и нивните варијации за секој од забите. Кај забите кај кои постојат повеќе морфолошки облици е даден опис и на овие морфолошки варијации. При описот на забите се користат латинските термини за забите, како и современиот дуален начин за означување на забите.

Во СЕДМОТО ПОГЛАВЈЕ на две страници, во предвидениот обем, се опишани карактеристиките на нормалната оклузија кај човекот.

Во ОСМОТО ПОГЛАВЈЕ, чии содржини се последователно напишани објаснети се и опишани најчесто користените начини за означување на забите. Во овој дел е даден опис на можноста за регистрација на заби со помош на координатен систем, како и на европскиот и на дуалниот систем за означување на забите.

Во ДЕВЕТТОТО ПОГЛАВЈЕ е обработена материјата која се однесува на ориентационите линии, рамнини и точки во лицево-виличната регија кои се значајни во секојдневната стоматолошка и протетска пракса.

Во ДЕСЕТТОТО ПОГЛАВЈЕ е дадена хронологијата на никнувањето на забите од млечната и трајната дентиција. Во ова поглавје на три страници со помош на текст и два табеларни прикази се дадени просечните вредности на возраста при никнувањето на секој од забите во млечната и трајната дентиција.

Во скриптата по десеттото поглавје се поместени слики од повеќе аспекти на сите заби соодветно, со цел да се олесни изучувањето на морфолошките карактеристики на забите на студентите. Сликите кои се користени во скриптата во голема мерка може да им послужат на студентите за поедностаување на материјалот за учење.

Осврнувајќи се кон сите сегменти на овој ракопис, впечатокот е дека тој ја постигнал својата главна цел - студентите да ги совладаат основните знаења за денталната морфологија, со цел да ги стекнат неопходните и основните познавања за што полесно препознавање на забите и користење на стекнатото знаење понатаму во студирањето, но и при работата во стоматологијата.

Ракописот на многу едноставен начин им ги претставува на студентите морфолошките карактеристики на забите. Всушност, совладувањето на оваа материја е од исклучително значење за понатамошното студирање на студентите.

Во завршниот дел на скриптата е дадена користената литература, при што може да се забележи дека е цитирана литература која се состои од учебници и трудови од понов датум од светско и балканско поднебје.

Ракописот „Анатомија на вилици и дентална мофологија - скрипта“ од доц. д-р Киро Папакоча, лаборант Кирил Митевски, лаборант Павле Апостоловски и м-р Михајло Петровски е пишуван на коректен македонски јазик, а стилот е лесен и разбирлив. Материјалот е добро стручно и научно обработен, збогатен со најнови сознанија од современата стручна литература и богато е илустриран со слики, табели и шеми, што го прави прегледен и лесно разбирлив за корисникот. Концепциски е добро осмислен, а содржините се едноставно прикажани што остава впечаток на лесно апликативна материја

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот „Анатомија на вилици и дентална мофологија - скрипта“ од доц. д-р Киро Папакоча, лаборант Кирил Митевски, лаборант Павле Апостоловски и м-р Михајло Петровски е целосно направен според наставната материја предвидена во програмата за предметот Анатомија на вилици и дентална мофологија за студентите на прviот циклус студии за стручен забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Концизно со едноставен јазик и лесен стил авторите се потрудиле да им ја презентираат материјата на студентите за што полесно совладување на методските единици. На тој начин студентите постепено ќе навлезат во стоматологијата, со цел што потемелно да ги изучат поставените задачи. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Анатомија на вилици и дентална мофологија - скрипта“ од доц. д-р Киро Папакоча, лаборант Кирил Митевски, лаборант Павле Апостоловски и м-р Михајло Петровски да биде издаден како учебник за студентите на насоката Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Ана Миновска,**
**редовен професор на Факултет за медицински науки**
**при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,**
**специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Поповска,**
**вонреден професор на Стоматолошки факултет**
**при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,**
**специјалист по болести на забите и ендодонтот, с.р.**